Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 08.09.2024

Денеска (08.09.2024) полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје околу 06 часот во Скопје, на територија на општина Кисела Вода, го лишија од слобода Ф.П. (31) од Скопје, кој бил баран по централна потерница од МВР по наредба од Основен кривичен суд Скопје, за затворска казна од две години, за сторено кривично дело „тешка кражба".Исто така, денеска (08.09.2024) полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје околу 06.50 часот во Скопје, на територија на општина Гази Баба, го лишија од слобода В.Д. (33) од Скопје, кој бил баран по централна потерница од МВР по наредба од Основен кривичен суд Скопје, за затворска казна од една година, за сторено кривично дело „тешка кражба". Лицата ќе бидат предадени на надлежната казнено поправна установа.

Денеска (08.09.2024) во 03.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Љ.(47) од Скопје, поради тоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и таблета. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.09.2024) во 01.05 часот во Скопје на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода П.С.(24) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.09.2024) во 02.50 часот во угостителски објект во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(29) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.09.2024) во 00.55 часот во Скопје на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.С.(20) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 17.40 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Н.(18) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 23.05 часот во Скопје на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода З.Б.(28) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 22.30 часот во населбата Колонија во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(40) од село Идризово, скопско, поради тоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 13.45 часот во с.Сарај-скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(43) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.09.2024) во 05.00 часот на Граничниот премин Деве Баир, полициски службеници го лишиле од слобода К.Н.(59) од Република Турција, поради тоа што при извршена контрола било констатирано дека приложил фалсификувана зелена карта. Тој бил предаден на полициски службеници во Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 07.09.2024 во 13.30 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека околу 13.00 часот во близина на фабрика во Пробиштип, Г.Г.(57) од село Другово, кичевско, управувајќи мотоцикл изгубил контрола и излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Медицинскиот центар Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Пробиштип.

На 07.09.2024 во 09.40 часот во Полициската станица Крива Паланка било пријавено дека на магистралниот пат Куманово-Крива Паланка се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат" со кривопалаченски регистарски ознаки, управувано од Б.П.(48) и патничко возило „опел зафира" со бугарски национални ознаки, управувано од М.М.(59) двајцата од Крива Паланка. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Б.П., а со телесни повреди се здобиле опатниците од возилото „опел зафира" С.М.(32) и Д.М.(51), двајцата од Крива Паланка, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Крива Паланка.

На 07.09.2024 во 09.00 часот во Полициската станица Ресен, Б.Ѓ. од Ресен пријавил дека на крабрежјето во туристичката населба Отешево, ресенско, пронашол една рачна бомба-кашикара, три артилерски чаури 60 мм и две исправни запалки мм, кои потекнувале од Првата светска војна. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување истите се подигнати за понатамошна постапка.

На 07.09.2024 во 21.10 часот во Полициската станица Аеродром Д.И.(82) од Скопје пријавила дека на ул.„Тодор Атанасовски" во Скопје била касната од куче.

На 07.09.2024 во 12.30 часот во СВР Куманово, Б.А.(39) од село Туралево, кратовско, пријавил дека на плоштад Нова Југославија во Куманово бил каснат од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Д.В.(28) од село Подмољје, општина Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При извршен преглед, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга, кај него пронајдоа и одзедоа марихуана, како и една метална дробилка со остатоци од марихуана.

На 07.09.2024 во 19.48 часот во СВР Куманово, било пријавено дека во населбата Бабин Дол во Куманово бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.К.(38) од Куманово од една страна и И.И.(40) и Б.И., двајцата од село Биљановце, кумановско од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 16.15 часот полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Р.А.(51) и Р.С.(26), двете од гостиварско, кои биле пријавени дека биле фатени при кражба во маркет во Гостивар. Тие се задржани во полициска станица за расчистување на случајот и против нив ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 06.25 часот полициски службеници од СВР Тетово го привеле Л.Ф.(33) од Тетово, кој бил баран по потерница, врз основа на судска наредба, за издржување за казна затвор во траење од три години. Л.Ф. е спроведен во КПУ Затвор Идризово во Скопје за издржување на казната.

На 08.09.2024 во 07.45 часот полициски службеници од ПО Жеровјане врз основа на судска наредба во тетовско Милетино го привеле С.Г.(65) од Милетино за издржување на казна затвор. Тој е спроведен во КПУ Затвор Тетово за издржување на казната.

На 06.09.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, Е.А.(59) од Скопје пријавил дека околу 13 часот во двор од верски објект, на подрачјето на Чаир, неговиот малолетен син бил физички нападнат од С.Б.(22) и Е.Б.(36), двајцата од с.Танушевци, скопско, кои употребиле и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 15.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред сервис за возила на подрачјето на општина Аеродром, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу К.Х.(36) и Ф.В.(26), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, 43-годишен маж од Скопје пријавил дека, неговата малолетна ќерка му кажала дека во семејниот дом на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од нејзината мајка К.П.(43), а негова поранешна сопруга. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.09.2024 во 22.45 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Б.Р.(54) од Скопје, поради тоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници додека вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 22.30 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го привеле М.Ж.(25) од Скопје поради тоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници додека извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.09.2024 во 15.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор пред авто школа на подрачјето на Бит Пазар, откако со возило бил удрен малолетник од Скопје, возачот од возилото физички го нападнал. Потоа, според пријавеното, откако малолетникот се пожалил на неговата мајка Ѓ.Ј.(39) од Скопје, таа дошла и од службена просторија на авто школата била истркана надвор и физички била нападната од истото лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (08.09.2024) во 03.25 часот во СВР Штип било пријавено дека околу 02.50 часот на ул.„Сремски фронт" во Штип И.Т.(35) од Штип го паркирал своето патничко возило „фолксваген" со штипски регистарски ознаки, по што се упатил кон продавен објект и по кратко време настанал пожар во предниот дел на возилото. Од Територијалната противпожарна единица Штип пожарот бил изгаснат. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 07.09.2024 во 23.50 часот во Пробиштип, полициски службеници од Полициската станица Пробиштип го лишиле од слобода Д.Т.(35) од кратовско, по претходна пријава, дека физички ја нападнал својата малолетна ќерка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.09.2024 во 19.40 часот во Полициската станица Свети Николе, А.Ј.(72) од Свети Николе пријавил дека во Свети Николе едно лице со употреба на физичка сила му одзело паричник во кој имало пари и лични документи и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.09.2024 во 23.40 часот во Полициска станица Велес О.С.(63) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 07.09.2024 во 22.15 часот во Полициска станица Велес А.Н.(42) од Велес пријавил дека на улица „Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страниката на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет